**20110661730**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Врз основа на член 134, став (5) од Законот за квалитетот на земјоделските производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/10 и 53/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА НА ОБРАСЦИТЕ ЗА ЕВИДЕНЦИЈА И АРХИВИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА ИНФОРМАТИВНИОТ СИСТЕМ И ЗА ПОДАТОЦИТЕ КОЈ ПРЕРАБОТУВАЧОТ ГИ ДОСТАВУВА ДО ПРОИЗВОДИТЕЛОТ НА СУРОВО МЛЕКО, КАКО И НАЧИНОТ НА НИВНО ПОПОЛНУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината на обрасците за евиденција и архивирање на податоците за информативниот систем и за податоците кој преработувачот ги доставува до производителот на сурово млеко, како и начинот на нивно пополнување и доставување.

Член 2

Евиденцијата и архивирањето на потребните податоци за информативниот систем се води на образец во А4 формат на бела хартија.

Во образецот од став 1 на овој член се внесуваат следните податоци:

- назив,Седиште и ЕМБС на преработувачки капацитет;
- временски период за кои се доставени податоци;
- вид и класа на млеко;
- откупена и продадена количина и
- цена по литар во денари и продажна цена по литар или килограм/парче.

Формата и содржината на образецот за евиденција и архивирање на потребните податоци за информативниот систем е даден во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Податоците кој преработувачот ги доставува до производителот на сурово млеко се водат на образец на А4 формат на бела хартија.

Во образецот од став 1 на овој член се внесуваат следните податоци:

- назив,Седиште и ЕМБС на преработувачкиот капацитет;
- РБО(регистарски број на одгледувалиште)на производителот на сурово млеко;
- назив и адреса на производителот;
- вид и класа на млеко и
- откупена количина.

Формата и содржината на образецот за евиденција и архивирање на потребните податоци за информативниот систем е даден во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Обрасците дадени во Прилозите 1 и 2 на овој правилник се водат и доставуваат во пишана или во електронска форма.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Скопје, 2011 година

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски**, с.р.

**Прилог 1**

Назив,Седиште и ЕМБС на преработувачки капацитет
______________________________________________

Податоците се за период од ___________до___________година.

| | Откупена количина | Цена по литар во ден. |
|---|---|---|
| Сурово кравјо млеко екстра класа | | |
| Сурово кравјо млеко I кл. | | |
| Сурово кравјо млеко II кл. | | |
| Сурово овчо млеко екстра класа | | |
| Сурово овчо млеко I кл | | |
| Сурово овчо млеко II кл | | |
| Сурово козјо млеко | | |
| Сурово козјо млеко екстра класа | | |
| Сурово козјо млеко I кл | | |
| Сурово козјо млеко II кл | | |
| | **Продадена количина** | **Продажна цена по литар или килограм/ парче** |
| Пастеризирано млеко 1,5 | | |
| Пастеризирано млеко 3,2 | | |
| Стерилизирано млеко 1,5 | | |
| Стерилизирано млеко 3,2 | | |
| Јогурт 1,5 | | |
| Јогурт 3,2 | | |
| Кисело млеко | | |
| Кравји кашкавал | | |
| Овчи кашкавал | | |
| Мешан кашкавал | | |
| Кравјо бело сирење | | |
| Овчо бело сирење | | |
| Мешано бело сирење | | |
| Биено сирење | | |

**Прилог 2**

Назив,Седиште и ЕМБС на преработувачкиот капацитет

____________________________________

РБО(регистарски број на одгледувалиште)на производителот на сурово млеко

_______________________________________________________________________

Назив и Адреса на производителот

______________________________

| | **Откупена количина** |
|---|---|
| Сурово кравјо млеко екстра класа | |
| Сурово кравјо млеко I кл. | |
| Сурово кравјо млеко II кл. | |
| Сурово овчо млеко екстра класа | |
| Сурово овчо млеко I кл | |
| Сурово овчо млеко II кл | |
| Сурово козјо млеко | |
| Сурово козјо млеко екстра класа | |
| Сурово козјо млеко I кл | |
| Сурово козјо млеко II кл | |